# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ



| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 22.1.2021 година<br>Скопје<br>Број 1 год. XVI | Претплатата за 2020 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |
|---|---|---|




www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


јануари, 2021 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Петриње и Сисак, Република Хрватска, со Решение за објавување ........................................................................ 1 - 2

- Одлука за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар"-Скопје, со Решение за објавувањ....... 3 – 4

- Одлука за субвенционирање на Јавното претпријатие за јавни Паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................................ 5 - 6

- Заклучок по Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, со Решение за објавување .............................................................. 7 - 8

- Одлука за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, со Решение за објавување ...... 9 - 10

- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2021 година, со Решение за објавување ........................................................................ 11 - 12

- Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар- Скопје за 2021 година, со Решение за објавување ........................................................................ 13 - 14

- Одлука за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година, со Решение за објавување ............... 15 - 16

- Програма и акционен план на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување ........................................................... 17 - 24

- Одлука за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на Општина Центар-Скопје 2021-2026, со Решение за вработување ..................................... 25 - 26

- Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Центар-Скопје, со Решение за објавување .................. 27 - 29

- Јавна објава ........................................................................ 30

---

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" БР. 1.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Петриње и Сисак, Република Хрватска**

Се објавува Одлуката за доделување парична помош за настраданите од земјотресот во Петриње и Сисак, Република Хрватска,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/3
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување парична помош за настраданите**
**од земјотресот во Петриње и Сисак, Република Хрватска**

**Член 1**

Се доделува парична помош во износ од 400.000,00 денари за настраданите од земјотресот во Петриње и Сисак, Република Хрватска.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа Одлука се издвојуваат од постојаната резерва на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година.

**Член 3**

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се уплатат на посебната сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија - Фонд за солидарност на Црвен крст на РСМ - 300000001327966 ДБ 4030984271620 - АД Комерцијална банка, цел на дознака: уплата за настраданите од земјотресот во Петриње и Сисак, Република Хрватска.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /2
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар" - Скопје**

Се објавува Одлуката за избор на командир на Полициската станицаод општа надлежност „Центар" - Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/5
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за полицијата („Службен весник на РМ“ бр. 114/06; 6/09; 145/12; 41/14; 33/15; 31/16/; 106/16; 120/16; 21/18 и 64/18), член 36 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15/, 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, донесе

# О Д Л У К А
# за избор на командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар“ - Скопје

## Член 1

Љупчо Ѓурчиновски, државјанин на Република Северна Македонија, се избира за командир на Полициската станица од општа надлежност „Центар“-Скопје.

## Член 2

Оваа Одлука да се достави до Полициската станица од општа надлежност „Центар“ - Скопје.

## Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-302 /4
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за субвенционирање на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за субвенционирање на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/7
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за субвенционирање на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Центар-Скопје одобрува субвенционирање на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје во износ од 9.000.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата за оваа намена се обезбедени во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2021 година, во Програмата за комунални дејности за 2021 година, ставка Ј 90 - потставка 461130, субвенции за јавни комунални претпријатија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-302 /6
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година**

Се објавува Заклучокот за Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/9
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, расправаше по Извештајот за работата на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година и донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година**

1. Се усвојува Извештајот за работењето на КК „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година.

2. Заклучокот да се достави до КК „Работнички" АД Скопје.

3. Овој Заклучок стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /8
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за период од 1.1.2021 година до 31.12.20201 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички“ АД Скопје за период од 1.1.2021 година до 31.12.20201 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/11
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2021 година до 31.12.20201 година**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ДАВА СОГЛАСНОСТ на Финансискиот план на Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје за период од 1.1.2021 година до 31.12.20201 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до Кошаркарскиот клуб „Работнички" АД Скопје.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /10
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2021 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2021 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/13
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите**
**на државните службеници за 2021 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2021 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Измена на Одлуката влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува со исплатата на платата за јануари 2021 година.

Бр. 08-302 /12
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/15
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/14; 199/14; 48/15; 154/15; 5/16; 142/16 и 11/18), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на јавните службеници вработени во институциите основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /14 Совет на Општина Центар-Скопје
21.1.2021 година Претседател
С к о п ј е Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година**

Се објавува Одлуката за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/17
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 166 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18; 104/19; 146/19; 275/19 и 311/20) Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница одржана на 21.01.2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување на максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар-Скопје за 2021 година

### Член 1

Максималниот износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и директорите на јавните установи за деца основани од Општина Центар-Скопје, за периодот од 01.01.2021 година до 31.12.2021 година изнесува 81,60 денари.

### Член 2

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /16
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година**

Се објавува Програмата на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/19
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.1.2021 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**на Комисијата за еднакви можности**
**на жените и мажите за 2021 година**

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (во натамошниот текст КЕМ), функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Центар-Скопје.
Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана (2009 година) со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/12).

## Општа цел
КЕМ се залага за креирање на локални политики и зголемување на свеста кај граѓаните за воспоставување на родово сензитивните политики за еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, здравствената и во други области од општествениот живот.
Креирање на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, подигнување на свеста на граѓаните за родово сензитивните политики преку кои се зголемува еднаквоста на жените и мажите. Создавање институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, еднакви можности на жените и мажите во сите области на секојдневното живеење на локално ниво.

## Задачи
Вклучување на родовите перспективи во главните текови, односно интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, при што се има предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.
Инклузија на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите за жените и мажите во секоја планирана акција, вклучително и законската легислатива, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Припадниците на двата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и на програмите на сите политички, образовни, економски и социјални сфери на локално ниво.

**Форми и облици за реализација на активностите**

- Организирање работилници, трибини и обуки за определени прашања;
- Печатење на информативни флаери;
- Информирање на граѓаните.

**Области на дејствување на КЕМ во 2021 година**

- ❖ Превенција и влијание во намалувањето на семејно насилство;
- ❖ Здравјето на жителите на општината - мажите повеќе заболуваат од Ковид 19;
- ❖ Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства;
- ❖ Промоција и поттикнување на женско претприемништво.

**I. Превенција и влијание во намалување на семејно насилство**

Во време на пандемија со Ковид 19 имаме влошување на родовата рамнотежа во семејствата. Поради пандемијата има зголем број на невработени кои работеле со услуѓжни дејности (угостителство, прехранбена индустрија, текстилна индустрија и друго) и истите ја загубиле во овој период својата работа. Со тоа се намалува економската моќ ма семејството и поради тоа доаѓа до зголемен број на семејно насилство во семејството.

Воведените мерки влијаат на устоличување на родовиот стереотип дека улогата на жената е да се грижи за домот и семејството. Економски и политички текови, споделените обврски и улога со мажите во семејството, домот и општеството, како и еднаквите можности, за што со децении вложувавме, се намалуваат и можат да исчезнат во текот на кризата. Она што го гледаме во земјата откако се воведени мерките е доминација на родовиот стереотип дека улогата на жената е да се грижи за домот и за семејството.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во соработка со професионални предавачи што работат на полето на насилство, ќе организира работилници и обуки за наставниците од општинските основни училишта за подигнување на свеста за препознавање и превенција од семејно насилство, преку платформата ZOOM.

**II. Здравјето на жителите на општината-мажите повеќе заболуваат од Ковид 19**

Статистиката во нашата држава покажува видно поголем број на заболени мажи отколку жени. Во нашето општество, за жал, уште е евидентен и присутен патријархалниот начин на живот па со истото мажите се почесто надвор од домот и имаат поголем социјален живот, а жените се дома водејќи грижа за децата и домаќинството. Тој факт, а и недоволното одржување на хигиената се едни од причините поради тоа што бројот на заболените мажи е поголем отколку бројот на заболени жени.

Печатење на информативни флаери со содржина за превенција и заштита од Ковид 19 и за подигнување на свеста од потребата од одржување на хигиена.

Флаерите ќе бидат дистрибуирани на два начина:

1. Бидејќи возрасните лица спаѓаат во ризичните категории, на старите и изнемоштени лица жители на Општина Центар – Скопје флаерите ќе им се дистрибуираат преку Сервисот за стари и изнемоштени лица на Општина Центар – Скопје.
2. Флаерите ќе бидат залепени на видни места во Општина Центар – Скопје од страна на лицата задолжени за одржување на јавното зеленило, а до нив ќе бидат дистрибуирани преку координаторите на Урбаните заедници.

## III. Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства;

Во Општина Центар – Скопје постојат семејства кои згрижуваат деца-штитеници од Заводот во Демир Капија. Овие деца се со посебни потреби. Тие се со отежнато движење или воопшто не можат да се движат и истите користат пелени и други посебни средства за нормално функционирање. Токму затоа Општината ќе им излезе во пресрет за задоволување и помош на дел од нивните потреби.
Освен згрижувачки семејства, Општина Центар – Скопје ќе им помогне со обезбедување на продукти (облека, средства за хигиена и слично) и на еднородителските семејства кои се во социјален ризик.

## IV. Мерки за изградба на капацитетите на невработени лица со вештини неопходни за пазарот на трудот

Координаторот и заменик-координаторот за еднакви можности на Општина Центар – Скопје откако од Агенцијата за вработување на РСМ ќе ја добијат листата на невработени лица од Општина Центар – Скопје ќе организираат обука за изградба на капацитетите на невработени лица со вештини неопходни за пазарот на трудот која ќе биде реализирана од страна на вработени лица во Агенцијата за вработување на РСМ.

# АКЦИОНЕН ПЛАН
# за работа на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите - КЕМ за 2021 година

## Општина

Општина Центар-Скопје го зафаќа строгото централно подрачје на градот Скопје. Всушност, таа е седиште на најголем број установи што имаат административен, политички, образовен, културен и трговски карактер, но и на станбен дел што е најгусто населен во цела земја. Овде се наоѓаат: Собранието и Владата на Република Македонија со најголемиот број министерства, Собранието на Град Скопје, дел од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Народната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", црквата „Св. Спас", старата скопска тврдина Кале, Градскиот трговски центар, Градскиот парк итн.

Општината се протега на 8 км$^2$. Се наоѓа на просечна надморска висина од 320 м.

Според пописот на населението од 2002 година, вкупниот број жители изнесува 45.412 (според социјалната карта на Општината во 2014 година имало 47.392 жители). Просечната густина на населеност изнесува 5.714 жители на 1.000 м.

Според полот, 21.295 лица или 46,8% се машки, а 24.117 лица или 53,2% се женски.

Во однос на националната структура, пак, 38.778 лица или 85,4% се Македонци, 1.465 лица или 3,2% се Албанци, 492 лица или 1,1% се Турци, 976 лица или 2,1% се Роми, 459 лица или 1% се Власи, 2.037 лица или 4,5% се Срби, 108 лица или 0,2% се Бошњаци и 1.099 лица или 2,4% се други.

Податоците се од последниот попис на населението на РМ од 2002 година.

Во 2020 година има 480 живородени деца (заклучно со третиот квартал на Заводот за статистика на РМ).

Општинската администрација има вкупно вработени-115 со Секретар и Градоначалник.

од кои жени-66 и мажи-48 (раководители: жени-16 и мажи-8).

АПВ-привремено вработени: 38-19 жени и 19 мажи (раководители 1 жена и 0 мажи).

Претседателот на Советот и секретарот на Општината се жени.

Општината има осум основни училишта,со 4.730 ученици, (2.330 женски и 2.400 машки), вработени: 381 (343 жени и 38 мажи).

Во Општината има три детски градинки со повеќе клонови каде што се згрижени 1931 деца (939 жански деца и 992 машки деца), вработени 292 лица (274 жени и 18 мажи).

ЈП „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје има вработени 118 од кои 30 жени и 88 мажи

раководители на сектор 4 (1 жена 3 мажи) и раководители на одделение 4 (1 жена 3 мажи), контролори на рампи (8 жени и 9 мажи), самостоен референт за корисници (10 жени и 2 мажи).

**Вовед**
По локалните избори во 2017 година со Одлука на Советот на Општина Центар-Скопје именувани се 6 членови на КЕМ од ново избраните членови на Советот на Општина Центар-Скопје во мандатниот период 2017-2021 година.
Координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите секоја година изготвуваат Програма и Акциски план и Извештај за реализираните активности за периот од јануари до декември од претходната година.
**Приоритетни области на работа**
- Превенција и влијание во намалувањето на семејно насилство;
- Здравјето на жителите и на жителките на општината - мажите повеќе заболуваат од Ковид 19;
- Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства;

- Мерки за изградба на капацитетите на невработени лица со вештини неопходни за пазарот на трудот.

**Дефинирање на целите**

❖ **Општа цел**
- Воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и во која било друга област од општествениот живот.
- Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти на јавниот и на приватниот сектор што претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на целосна еднаквост меѓу жените и мажите.
- Во спроведувањето на горенаведените цели од програмата ќе ги почитува принципите на родовата еднаквост.

❖ **Посебни цели**
- да промовира и да поддржува пристап што води сметка за родовата димензија и за чувствителноста во процесот на донесување одлуки;
- да влијае врз прогресот на родовата еднаквост и антидискриминацијата во локалната заедница и пошироко;
- да ги поттикнува еднаквите можности на жените и мажите за учество на жената во јавниот и во политичкиот живот на заедницата, како значаен аспект за развој на граѓанското општество;
- да создава институционални услови за промоција и за развивање на правата на жените и на човековите права, како и нивно вклучување во активностите за развој на заедницата во сите сфери од општествениот живот.

### ❖ Задачи

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликациите за жените и мажите во секоја планирана акција, вклучително и легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа.
Лицата од двата пола да станат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и на програмите на сите политички, економски и социјални сфери на локалното живеење.

### ❖ Активности

КЕМ и координаторот и заменик координаторот планираат во текот на 2021 година да ги преземат следниве активности: организирање на обуки преку ZOOM платформа,изготвување на флаери и информирање на граѓаните и промовирање преку електронските медиумите на сите активности што ќе се преземат.
Активностите ќе се реализираат со вклучување на експерти и специјалисти од области за кои се предвидуваат активностите.
Носители: Локалната самоуправа, координаторот и заменик координаторот, КЕМ во соработка со соодветни институции што работат на таа проблематика.
Општина Центар-Скопје треба да обезбеди средства за реализација на горенаведените активности и да ги предвиди во Буџетот на Општината за 2021 година.

**<u>Табела со цели, задачи и показатели</u>**

- **<u>Цел I: Превенција и влијание во намалувањето на семејно насилство;</u>**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Зголемен број на семејно насилство | Подигање на свеста засемејно насилство, како да се препопзнае истото,каде треба да се пријавијави насилс-твото,СОС телефони, | КЕМ, во соработка со професионални стручни лица, ќе организира обуки за наставниците од ООУ преку ZOON платформа. | Подигање на свеста на учениците за препознавање и пријавување на семејно насилство. |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 20.000.00 денари.

**<u>Цел II:</u> Здравјето на жителите и на жителките на општината - мажите повеќе заболуваат од Ковид 19;**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Според статистиката на СЗО,поголем е бројот на мажите кои заболуваат од Ковид 19 | Подигнување на свеста кај граѓаните за превенција од од Ковид 19 | КЕМ, во соработка со стручни лица, ќе организира печатење на флаери за превенција од Ковид 19 | Подобрување на здравјето на граѓаните. |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 10.000.00 денари.

**Цел III: Поддршка на згрижувачки семејства и на еднородителски семејства;**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕ ЛИ |
|---|---|---|---|
| Потреба за подршка на згрижувачките семејства | Згрижувачки семејства и еднородителските семјства да добијат материјална подршка за децата | Да се обезбедат хигиенски средства и облека за децата | Помош за згрижувачките семејства и на еднородителските семејства |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 60.000.00 денари

**Цел IV: Мерки за изградба на капацитетите на невработени лица со вештини неопходни за пазарот на трудот**

| ПРОБЛЕМ | ЦЕЛИ | ЗАДАЧИ | ПОКАЗАТЕЛИ |
|---|---|---|---|
| Зголемен број на невработени поради пандемијата | изградба на капацитетите на невработени лица со вештини неопходни за пазарот на трудот | Организирање на обука за невработени лица | Намалување на бројот на неваботени лица во општината |

Средствата за реализација на оваа цел изнесуваат 10.000.00 денари.

Програмата и Акциониот план на КЕМ за 2021 година, кој изнесува 100.000,00 денари, финансиски ќе биде реализиран од Буџетот на Општина Центар-Скопје.

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /18
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на ОпштинаЦентар-Скопје 2021-2026**

Се објавува Одлуката за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на ОпштинаЦентар-Скопје 2021-2026,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/21
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ" бр.05/02/, Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на Општина Центар-Скопје 2021-2026**

1. Се усвојува Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на Општина Центар-Скопје 2021-2026.

2. Составен дел на оваа Одлука е интегралниот текст на Стратегијата за меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество на Општина Центар-Скопје 2021-2026.

3. Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /20
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Центар-Скопје**

Се објавува Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година.

Бр. 09-302/23
21.01.2021 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на членовите 36 и 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 59. седница, одржана на 21.01.2021 година, донесе

**С Т А Т У Т А Р Н А О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Статутот**
**на Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Центар-Скопје бр. 0811-4240/1 од 23.08.2019 година, се бришат членовите **48, 49, 50** и **51**, а на нивно место во делот **3. Посебни тела на Општината**, **б) Партиципативно тело од областа на урбанизмот,** се додаваат нови членови **48, 49, 50 и 51**, кои гласат:

**„Член 48“**

Заради обезбедување инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, Општина Центар-Скопје задолжително формира партиципативно тело од областа на урбанизмот.

Телото од став 1 од овој член се формира на иницијатива на градоначалникот на Општина Центар-Скопје или на партиципиентите од членот 49 од овој Статут.

**„Член 49“**

Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на Општина Центар-Скопје, што ги одредува градоначалникот, од стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините организации од различни сегмеенти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и од граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на Општина Центар-Скопје.

Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страницата на Општина Центар-Скопје и во писмена форма со излагање на огласот на јавното место во траење од 30 дена.

Бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.

**„Член 50"**

Партиципативното тело има право да расправа за прашања од урбанизмот и урбанистичкото планирање кои се од надлежност на Општина Центар-Скопје и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој преку презентирање на своите мислења до Советот на Општина Центар.

Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци, има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, изнесува и утврдува мислења, дава предлози и сугестии при постапката за изработување на предлог планската програма.

Работата на партиципативното тело е јавна.

**„Член 51"**

Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот за работа на партиципативното тело што го донесува Советот на Општина Центар-Скопје.

За сè што не е уредено во одредбите за партиципативното тело во Статутот на Општина Центар-Скопје и во Деловникот за работа на партиципативното тело се применуваат одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20)."

**Член 2**

Оваа Статутарна одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-302 /22
21.1.2021 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Цветанка Симоновска с.р.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Ип1 бр. 33 - 124 од 29.09.2020г.**
**С К О П Ј Е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар - Скопје, врз **основа член 135 став 3 и член 137 став 1** од Законот за градење (службен весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/2019 и 18/2020 ), донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. СЕ НАРЕДУВА НА ИНВЕСТИТОРОТ ГРАЃАНСКО ЗДРУЖЕНИЕ „СКОПЈАНКАТА МАЈКА ТЕРЕЗА“ Скопје, со седиште на улица „Ташко Караџа“ бр. 12 – 2/3, Скопје, по приемот на ова решение, во рок од (3) ТРИ ДЕНА, да ја ОТСТРАНИ градбата – ПОСТАМЕНТ – СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ, армирано бетонска конструкција обложена со мермерни плочи со димензија 4м х 2м и висина од 0,6м на Плоштад Македонија, на КП 12069/6, КО Центар 1, Имотен лист бр. 102975, земјиште во сопственост на ДПТУ АМАДЕУС ДЕВЕЛОПМЕНТ ДООЕЛ СКОПЈЕ, воведено во градежен дневник бр. 38 од 29.09.2020 г. на овластениот градежен инспектор.**
**2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување.**
**3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.**
**4. Жалбата против ова решение не го одлага иврошувањето на решението.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар - Скопје, постапувајки по службена должност изврши увид на лице место и констатира со записник за констатација ИП1. Бр. 33 - 124 од 29.09.2020 година, и градежен дневник број 38 од 29.09.2020 година, дека ИНВЕСТИТОРОТ ГРАЃАНСКО ЗДРУЖЕНИЕ „СКОПЈАНКАТА МАЈКА ТЕРЕЗА“ Скопје, со седиште на улица „Ташко Караџа“ бр. 12 – 2/3, Скопје, **НЕ ПОСЕДУВА** Решение за поставување на ПОСТАМЕНТ – СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ, армирано бетонска конструкција обложена со мермерни плочи со димензија 4м х 2м и висина од 0,6м на Плоштад Македонија, на КП 12069/6, КО Центар 1, Имотен лист бр. 102975, земјиште во сопственост на ДПТУ АМАДЕУС ДЕВЕЛОПМЕНТ ДООЕЛ СКОПЈЕ.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на наведените градби, согласно **член 137 став 4** од Законот за градење не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека ИНВЕСТИТОРОТ ја поставил горенаведената градба без Решение за поставување согласно **член 73** од Законот за градење и согласно **член 135 став 3** од Законот за градење се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекшочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение. Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**Игор Николовски диа**